# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 22/2022
## 23.12.2022 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за on line присуство на советникот Леон Ристов на седници на Совет на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за on line присуство на советникот Леон Ристов на седници на Совет на општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **22.12.2022** година.

**Бр.09- 896/1**
**23.12.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” број 5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.Гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 и 3/22 ) во врска со барањето на советникот Леон Ристов бр. 08-879/1 од 15.12.2022 година Советот на општина Неготино на ден **22.12.2022** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за on line присуство на советникот Леон Ристов на седници на Совет на општина Неготино**

**Член 1**

Со оваа одлука му се овозможува на советникот Леон Ристов on line присуство на комисиите и седниците на Совет на општина Неготино поради неговата привремена спреченост за физичко присуство на седниците на Совет.

Присуството на советникот се овозможува on line на zoom платформата и опфаќа присуство , расправа и одлучување по точките на Дневен ред на комисиите и седниците на Советот на општина Неготино.

Оваа Одлука има правно дејство се до постоење на причините поради кое советникот е спречен физички да присуствува на седниците на Совет.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во **„ Службен гласник на Општина Неготино“.**

**бр. 08-886/3** **Совет на општина Неготино**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за избор на Комисија за изработување на програма за работа на Советот на Општина Неготино**

Се објавува **Решение за избор на Комисија за изработување на програма за работа на Советот на Општина Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **22.12.2022** година.

**Бр.09- 896/2**
**23.12.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 80 од Статутот на Општина Неготино ( Сл. гласник бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ) и член 103 и 105 од Деловникот за работа на Советот на Општина Неготино ( „ Сл.гласник на Општина Неготино " бр.3/06 и 2/11 ) Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден **22.12.2022** година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**за избор на Комисија за изработување на програма за работа на Советот на Општина Неготино**

**Член 1**

За претседател и членови на **Комисија за изработување на програма за работа на Советот на Општина Неготино** се именуваат :

1. **Гордана Јованова -** претседател
2. **Елизабета Трпковска-** член
3. **Лазар Најдов Чолак -** член
4. **Стојанче Атанасов -** член
5. **Леон Ристов -** член

**Член 2**

**Комисијата за изработување на програма за работа на Советот на Општина Неготино** како повремена комисија е со мандат до крајот на мандатот на составот на Советот на општина Неготино 2021-2025 година.

**Член 3**

Ова решение влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино " .**

**бр. 08-886/4** **Совет на општина Неготино**
**22.12.2022 година** **Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за плаќање на фактури за потрошена електрична енергија за месна заедница водовод село Курија и месна заедница село Војшанци**

Се објавува **Одлука за плаќање на фактури за потрошена електрична енергија за месна заедница водовод село Курија и месна заедница село Војшанци** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **22.12.2022** година.

**Бр.09- 896/3**
**23.12.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ “ бр. 5/02 ) член 79 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Неготино ( „ Службен гласник на општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ) Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **22.12.2022** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### За плаќање на фактури за потрошена електрична енергија за месна заедница водовод село Курија и месна заедница село Војшанци

#### Член 1

Со оваа одлука Општина Неготино презема обврска за плаќање на заостанат долг за потрошена електрична енергија за месна заедница водовод село Курија и тоа за фактура број 1125247542-1 за периодот 01.10.2022 – 31.10.2022 година во износ од 17.403,оо денари и фактура број 1126127680-8 за периодот 01.11.2022-30.11.2022 година во износ од 10.876,оо денари.

#### Член 2

Општина Неготино презема обврска за плаќање на заостанат долг за потрошена електрична енергија за месна заедница село Војшанци и тоа за дел од фактура број 1124368243-5 за периодот 01.09.2022 – 30.09.2022 година во износ од 43.351,оо денари, фактура број 1125246052-0 за периодот 01.10.2022- 31.10.2022 година во износ од 90.022,оо денари и фактура број 1126126845-3 за период 01.11.2022-30.112022 година во износ од 79.730,оо денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на општина Неготино “.**

**бр. 08-886/5**
**22.12.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 22/2022

1. Заклучок за објавување на **Одлука за on line присуство на советникот Леон Ристов на седница на Совет на општина Неготино**

2. **Одлука за on line присуство на советникот Леон Ристов на седница на Совет на општина Неготино**

3. Заклучок за објавување на **Решение за избор на Комисија за изработување на програма за работа на Советот на Општина Неготино**

4. **Решение за избор на Комисија за изработување на програма за работа на Советот на Општина Неготино**

5. Заклучок за објавување на **Одлука за плаќање на фактури за потрошена електрична енергија за месна заедница водовод село Курија и месна заедница село Војшанци**

6. **Одлука за плаќање на фактури за потрошена електрична енергија за месна заедница водовод село Курија и месна заедница село Војшанци**